РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2017 година

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 8

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 9

Увоз ........ 10

Салдо на трговска размена ........ 11

Валутна структура ........ 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........ 12

Приходи по буџетски корисници ........ 13

Буџетски расходи според економската класификација ........ 14

Расходи по буџетски корисници ........ 15

Буџетско салдо ........ 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 17

Плати ........ 18

Пензии ........ 19

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 20

Депозитен потенцијал ........ 20

Кредити на банките ........ 21

Каматни стапки на депозитни банки ........ 22

Пазар на капитал ........ 22

Девизни резерви ........ 22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2017 година

- Индустриското производство во август 2017 година во споредба со август 2016 година забележа пад од 5,3%;

- Потрошувачките цени во август 2017 година се зголемија за 1,9% во однос на август 2016 година, по годишниот раст од 1,2% во јули 2017 година;

- Во периодот јануари – август 2017 година извозот забележа раст од 14,1%, а увозот од 9,9%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 0,5%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – август 2017 година изнесуваа 116.023 милиони денари, односно 18,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,9% во однос на истиот период од 2016 година.

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2017 година изнесуваа 126.809 милиони денари, односно 20,1% од БДП, што е за 5,3% повеќе во однос на истиот период лани.

- Вкупните кредити на банките во август 2017 година се зголемија за 5,1% во споредба со август 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во август 2017 година индустриското производство забележа пад од 5,3% во споредба со август 2016 година. Падот во најголем дел се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија, каде што е забележан пад од 8,0% и вкупен придонес во падот од 6,6 п.п. Намалување на производството е забележано и во секторот Рударство и вадење на камен од 6,1%, додека во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација е забележан висок раст од 28,1%, но истиот е доволен само делумно да го неутрализира падот поради ниското учество на овој сектор во структурата на индустриското производство.

Графикон 1.1. Индустриско производство; Извор: ДЗС




Анализата на гранките коишто ги сочинуваат индустриските сектори укажува дека раст е забележан кај само 7 од вкупно 27 гранки, кои вкупно учествуваат со 28,6% во структурата на индустриското производство. Притоа, забележително е што пад е забележан кај обете гранки со двоцифрено учество во структурата, и тоа: пад од 8,5% кај производството на прехранбени производи (придонес од -1,0 п.п.) и пад од 6,1% кај производството на машини и уреди (придонес од -0,7 п.п.).

Графикон 1.2. Придонес на секторите на индустриското производство; Извор: ДЗС




Податоците за движењето на индустриското производство на кумулативна основа укажуваат на пад од 0,1% во периодот јануари – август 2017 година. Падот најмногу се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 1,3% и негативен придонес од 1,0 п.п. Сепак, придонесот на овој сектор во целост е неутрализиран од високиот раст во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 13,1% и позитивен придонес од 1,0 п.п. Секторот Рударство и вадење на камен бележи пад од 1,1% и придонес од минимален негативен придонес од 0,1 п.п.

Од кумулативните податоци за производството кај гранките во рамки на секторите може да се забележи дека бројот на гранки кои бележат раст и нивната структура во производството е отприлика еднаков на оној кај кои е забележан пад,

па така раст бележат 13 од вкупно 27 гранки со учество од 50,0% во структурата на индустриското производство. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата на производството, гранката Производство на машини и уреди бележи раст од 9,5% (придонес од 1,0 п.п.), додека гранката Производство на прехранбени производи бележи пад од 2,8% (прид онес од 0,3 п.п.).

Графикон 1.3а. Гранки со најголем позитивен придонес во раст за месецот




Графикон 1.3б. Гранки со најголем негативен придонес во раст за месецот




Во поглед на поделбата на индустриското производство по наменски групи, падот се должи на намаленото производство кај групите со најголемо учество во структурата на производството, односно групите Капитални производи од 12,4% (придонес од -2,5 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка со пад од 8,0% (придонес од -2,9 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 4,3% (придонес од -1,3 п.п.). Пад на производството е забележано и кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 8,7%, додека раст е забележан единствено кај групата Енергија од 19,0%.

Анализирано по наменски групи, пад е забележан кај групите Енергија од 9,5% (придонес од 0,9 п.п.) и Капитални производи од 3,0% (придонес од 0,6 п.п.), но истиот речиси во целост е неутрализиран од падот кај групите Трајни производи за широка потрошувачка од 5,2% (придонес од -0,2 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,7% (придонес од -1,3 п.п.). Групата Интермедијарни производи, освен енергија бележи пад од 0,7% и незначителен негативен придонес од 0,2 п.п.

## Број на работници во индустријата

Графикон 1.4. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во август 2017 година забележа раст од 3,1%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 3,7%, а раст е забележан и во секторот Рударство и вадење камен од 0,2%. Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и

климатизација е забележан пад од 2,6%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите осум месеци од 2017 во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 1,3%. Раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 1,5% и Рударство и вадење камен од 0,3%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 0,7%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 12,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 9,4% и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,7%. Пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,0% и Енергија од 0,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2017 во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 10,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,9%, и Енергија од 0,6%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2017 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на истиот месец од 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август изнесува 65,5%, што претставува зголемување во однос на јули 2017 година, кога изнесувало 65,3%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,4 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,0%, недоволната домашна побарувачка со 18,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 18,3%, неизвесното економско окружување со 12,1%, финансиските проблеми со 9,4% и конкурентниот увоз со 6,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август 2017 година е поповолна на месечна основа е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поволни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи во однос на јули 2017 година се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2017 година издадени се вкупно 232 одобренија за градење, што претставува намалување од 6,8% во однос на август 2016 година. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 205 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се зголемил за 13,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2017 година во однос

на истиот месец лани се зголемила за 23%. Споредено со јули 2017 година, вредноста на објектите бележи раст од 104,7%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 154 (или 66,4%) се наменети за објекти од високоградба, 20 (или 8,6%) за објекти од нискоградба и 58 (или 25%) за објекти за реконструкција.

Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во август 2017 година; Извор: ДЗС




Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 232 издадени одобренија за градба, на 161 објект (или 69,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 71 објект (или 30,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во август 2017 година предвидена е изградба на 559 станови, со вкупна корисна површина од 45.011 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 166,2%, а во однос на истиот месец од 2016 година за 102,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во август 2017 година се зголемија за 1,9% во однос на август 2016 година, по годишниот раст од 1,2% во јули 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - август 2017 година изнесува 1%.

Графикон 1.7. Стапка на инфлација; Извор: ДЗС




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во август забележа годишен раст на цените од 1,1%, при што највисок раст имаа цените на кафето, чајот и какаото (за 6,3%) и овошјето (за 5,8%).

Највисок годишен раст на цените во август 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,5%, следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 6,9%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,6%, Ресторани и

хотели од 4,1%, Рекреација и култура од 1,3%, Останати стоки и услуги од 0,4% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3%,

Годишен пад на цените во август е регистриран во категориите: Образование и Здравје од по 0,3%. Цените во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети.

Графикон 1.8. Придонеси кон годишната стапка на инфлација (во п.п.); Извор: Пресметки на МФ врз основа на податоци од ДЗС




Потрошувачките цени во август 2017 година се зголемија за 0,4% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 3,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,2%, Здравје и Останати стоки и услуги од по 0,6%, Рекреација и култура од 0,2% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,1%.

Намалување на цените е забележано единствено во категоријата Облека и обувки од 0,9%.

Цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Комуникации, Домување, вода, електрика, гас и други горива, Ресторани и хотели и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во август 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 4,1%, како и на месечна основа за 0,9%. Цените на мало во периодот јануари - август 2017 година се повисоки за 2,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2017 година споредено со јули 2017 година се зголеми за 5,5% и изнесуваше 51,4 долари за барел. Во однос на истиот месец од 2016 година, цената на нафтата бележи раст од 11,3%. Цената на природниот гас во август бележи месечно намалување од 1,1%.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во август 2017 година се тргуваше со просечна цена од 10.890 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи зголемување на цената од 14,7%. Споредено со август 2016 година, цената на никелот се зголемил за 5,4%. Покрај никелот, месечно зголемување на цената во август забележаа и останатите основни метали. Така, цената на бакарот порасна за 8,4%, на цинкот за 6,9%, на алуминиумот за 6,7%, на оловото за 3,5% и на калајот за 1,5%.

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




Во август благородните метали забележаа месечно зголемување на цената. Така, цената на платината во август 2017 година во однос на јули 2017 година се зголемила за 5,9%, на среброто за 5,0% и на златото за 3,7%.

Цената на пченицата на светските берзи во август во однос на претходниот месец се намали за 15,4%, а цената на пченката за 5,7%. Јагнешкото месо во август 2017 година бележи месечен раст на цената од 1,6%.

# 2. НАДВОРЕШНО ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно трговска размена во првите осум месеци од 2017 година изнесува 7.520,7 милиони евра, што претставува раст од 11,6% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во периодот јануари - август во 2016 и 2017 година; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – август 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,3%, што претставува зголемување од 0,1 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - август 2017 година вредноста на извезените стоки изнесува 3.191,9 милиони евра и бележи раст од 14,1% (394,7 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, како и физичкиот обем на извозот кој бележи раст од 13,1%.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - август 2017 година; Извор: ДЗС




Вредноста на извезените стоки во август 2017 година изнесува 379,1 милион евра и бележи раст од 7,2% (25,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 8,9%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2017 година извозот бележи пад од 8,2% (33,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 1,6%.

Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-VIII-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – август 2017 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи

производи сочинуваат 49,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – август 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 15,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 7,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,2% и 11,5% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – август 2017 година изнесува 4.328,9 милиони евра и бележи раст од 9,9% (388,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 1,0%.

Графикон 2.4 Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-VIII- 2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Вредноста на увозот во август 2017 година изнесува 528,3 милиони евра, што претставува раст од 3,7% (18,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 14,7%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2017 година увозот бележи пад од 3,4% (18,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 5,3%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2016 | I - VIII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 61,2 | 75,8 | 14,6 | 23,8 |
| Мил. ЕУР | 22,7 | 31,4 | 8,7 | 38,3 |
| Мил.$ | 25,4 | 34,8 | 9,5 | 37,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2016 | I - VIII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 686,6 | 684,7 | -2,0 | -0,3 |
| Мил. ЕУР | 235,4 | 289,9 | 54,5 | 23,2 |
| Мил.$ | 262,8 | 320,6 | 57,8 | 22,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2016 | I - VIII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,3 | 27,8 | 17,5 | 169,7 |
| Мил. ЕУР | 503,4 | 662,7 | 159,3 | 31,7 |
| Мил.$ | 642,1 | 731,8 | 89,7 | 14,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2016 | I - VIII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 19,8 | 19,1 | -0,6 | -3,3 |
| Мил. ЕУР | 111,4 | 116,9 | 5,5 | 4,9 |
| Мил.$ | 124,4 | 128,7 | 4,3 | 3,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2016 | I - VIII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 426,8 | 462,2 | 35,4 | 8,3 |
| Мил. ЕУР | 268,8 | 302,1 | 33,3 | 12,4 |
| Мил.$ | 300,0 | 334,8 | 34,8 | 11,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2016 | I - VIII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 552,1 | 383,8 | -168,3 | -30,5 |
| Мил. ЕУР | 214,2 | 198,3 | -15,9 | -7,4 |
| Мил.$ | 239,0 | 219,9 | -19,1 | -8,0 |

## Салдо на трговска размена

Во првите осум месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се намали за 0,5% односно 6,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2017 година трговскиот дефицит се намали за 4,4% односно 6,8 милиони евра споредено со август 2016 година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на дефицитот дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – август 2017 година, 88,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Полска, САД, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 87,1% од трговската размена во периодот јануари – август 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,6% и 83,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 0,5 п.п. во однос на периодот јануари – август 2016 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VIII - 2016 | | | | | I - VIII - 2017 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 2.946,3 | 3.253.689.019 | 61,6450 | 200.573.659.585 | 82,6 | 2.812,6 | 3.597.247.837 | 61,5894 | 221.552.335.958 | 83,1 | 343.558.818 | 10,6 |
| УСД | 1.015,1 | 722.153.269 | 55,2913 | 39.928.793.063 | 16,4 | 1.189,7 | 766.306.912 | 55,9211 | 42.852.725.442 | 16,1 | 44.153.642 | 6,1 |
| ГБП | 3,6 | 12.180.150 | 77,6291 | 945.534.112 | 0,4 | 3,1 | 14.274.565 | 70,8507 | 1.011.362.954 | 0,4 | 2.094.415 | 17,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.965,0 | | | 241.447.986.760 | 99,0 | 4.005,4 | | | 265.416.424.355 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 3.974,5 | | | 242.914.651.544 | 100,0 | 4.014,7 | | | 266.634.168.429 | 100,0 | | 9,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – август 2017 година изнесуваа 116.023 милиони денари, односно 18,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,9% во однос на истиот период од 2016 година.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);




Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 68.432 милиони денари, односно 10,9% од БДП и во однос на истиот период лани се зголемени за 4,6%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 31.765 милиони денари, што претставува зголемување за 0,7% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 46,4%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 44.915 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 13.151 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 4,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 15,5% споредено со истиот период 2016 година, што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува поголемо остварување за 10,1% додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 4,4%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 34,4%.

Акцизите се остварени во износ од 15.058 милиони денари (учество од 22,0% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,6%. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 46.823 милиони денари, односно 68,4% од вкупните даночни приходи во овој период од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 9.581 милиони денари и забележуваат раст од 9,1% на годишна основа, при што 2/3, односно 65,3% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,5% од приходи од капитал, 7,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,1% од приходи по основ на договор на дело, 3,4% од приходи од имот и имотни права и 1,8% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој осуммесечен период од 2017 година изнесуваа 8.390 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 15,0% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 21,2%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 68,5%) и задржан данок за странски правни лица (зголемување од

116,9%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 8,5%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 3.358 милиони денари и забележаа зголемување од 6,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 280 милиони денари забележаа помало остварување за 26,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 34.174 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,1% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,1%, кај придонесите за вработување за 5,2% и кај придонесите за здравствено осигурување за 4,9%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 8.816 милиони денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 8,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 571 милион денари, што претставува намалување од 47,3% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.978 милиони денари, односно за 35,4% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари - август 2017 година тие изнесуваат 85,3 милијарди денари, односно 91,4% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 56,4% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I-VIII 2017 година (во %); Извор: МФ




Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 79,4% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до август достигна 65,1% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 10,4 милијарди денари, што претставува 12,2% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука кое има остварено приходи во износ од 1,8 милијарди денари, односно 1,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 85,6% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Министерството за транспорт и врски оствари приходи кои изнесуваат 1,7 милијарди денари, односно 1,87% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,8% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во периодот јануари - август 2017 година изнесуваат 42,4 милијарди денари и претставуваат 65,0% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2017 година изнесуваа 126.809 милиони денари, односно 20,1% од БДП, што е за 5,3% повеќе во однос на истиот период во 2016 година.




Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 116.399 милиони денари учествуваа со 91,8% (18,5% од БДП) и се зголемени за 4,7% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците се реализираа во износ од 17.479 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8% и во однос на 2016 година се зголемени за 1,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.055 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 8,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 83.710 милиони денари (13,3% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,3% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 66,0% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 62.045 милиони денари, забележаа раст од 5,0% и учествуваа со 48,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 38.351 милион денари, што е зголемување

за 5,8% споредено со истиот осуммесечен период од 2016 година и учествуваат со 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,3%, односно забележаа поголема реализација за 5,0%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 10.008 милиони денари забележаа зголемување од 1,1%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 9,2% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 6.155 милиони денари, што е за 34,9% повеќе во споредба со истиот период лани. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 9,6%, а каматите од странско задолжување за 48,9%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 10.410 милиони денари со структурно учество од 8,2% во вкупните расходи (1,7% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 11,9% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-VIII 2017 година (во %); Извор : МФ




Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – август 2017 година реализираше 27,5 милијарди денари или 64,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 20,3 милијарди денари или 65,6% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,6% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 63,4% (5,1 милијарда денари) од планираните за 2017 година.

Министерство за образование и наука во периодот јануари – август 2017 година изврши буџетски средства во износ од 14,3 милијарди денари, што е 60,2% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (60,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8,7 милијарди денари или 66,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 2,2 милијарди денари, односно 65,3% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 13,3% во вкупните расходи) се реализирани 1,9 милијарди денари, што претставува 47,7% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – август 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 24,2 милијарди денари, што претставува 63,2% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 50,4% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – август 2017 година се потрошени 12,2 милијарди денари, односно 67,1% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 25,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 6,2 милијарди денари или 75% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 12,4% се капиталните расходи, за што се потрошени 3 милијарди денари или 41,5% од годишниот план.

Во периодот јануари – август 2017 година Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 6,4 милијарди денари, што претставува 63,3% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 75,1%, за што се потрошени 4,8 милијарди денари или 66,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 13,8%, за што се реализирани 881 милион денари или 50,5% од годишниот план.

Во првите осум месеци од 2017 година Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 6 милијарди денари, што претставува 69,8% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 85,8%), за што во анализираниот период се извршени 5,2 милијарди денари или 77,1% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 13,2% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – август 2017 година се реализирани 794 милиони денари или 43,5% од годишниот план.

Министерство за одбрана во периодот јануари – август 2017 година изврши буџетски средства во износ од 3,4 милијарди денари, што е 59,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 68,1%, за што во првите осум месеци се реализирани 2,3 милијарди денари, што претставува 66,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 863 милиони денари, односно 63,2% од вкупно предвидените.

Министерство за здравство во првите осум месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 3,7 милијарди денари, што е 63% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 49,5%, за што во првите осум месеци се потрошени 1,8 милијарди денари или 76,2% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 30,5% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 1,1 милијарда денари, односно 59,9% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средства од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

учествуваат со 18,2% во вкупните расходи) изнесува 46,1% односно извршени се 672 милиона денари.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – август 2017 година реализираше средства во износ од 2,6 милијарди денари, што е 58,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 81,8%, а нивната реализација во првите осум месеци изнесува 59,6% односно извршени се 2,1 милијарда денари.

За финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – август 2017 година извршени се средства во износ од 2,8 милијарди денари, што е 71,5% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 34,9%, а нивната реализација во првите осум месеци изнесува 88,4% односно извршени се 966 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 30,1%, а за оваа намена реализирани се 833 милиони денари или 66,3% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 694 милиони денари, што претставува 66,1% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 25,1% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – август 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 10.786 милиони денари, што претставува 1,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 9.937 милиони денари и претставува 1,6% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – август 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 120.391 нов заснован работен однос. Вкупниот број

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




[2] Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

нововработени во овој период е понизок за 0,7% во однос на истиот период од лани.

Од вкупниот број нововработени, 41,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во август 2017 година, 17,6% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




Вкупниот број невработени лица изнесува 193.162, од кои 96.728 се активни баратели на работа, а 96.434 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,2%.

Најголем дел од невработените лица (66,1%) се градско население, а според половата структура 59,1% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 56% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29% се со завршено средно образование, додека 15% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2017 година оствари годишен раст од 1,5%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Стручни, научни и технички дејности (10,4%), Рударство и вадење камен (8,7%) и Информации и комуникации (5,6%). Реалните плати во јули забележаа

Графикон 4.3. Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС



годишен раст од 0,3%.

Просечната номинална бруто-плата во јули 2017 година оствари годишен раст од 1,5%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Стручни, научни и технички дејности (9,4%) и Рударство и вадење камен (8,6%) и Информации и комуникации (5,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 0,3%.

Графикон 4.4. Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)




Процентот на вработени што не примиле плата во јули 2017 година изнесува 1,3% и е за 0,3 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,2 п.п. повисок во однос на јуни 2017 година.

## Пензии

Во август 2017 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 307.195 пензионери, што претставува зголемување од 1,2% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 414 лица. Од вкупниот број пензионери, 63% се корисници на старосна пензија, 24,9% се корисници на семејна пензија и 12,1% се корисници на инвалидска пензија.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната пензија во август 2017 година изнесува 13.802 денари и е за 5,7% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,9%.

Просечната старосна пензија во август изнесува 15.110 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.524 денари, а просечната семејна пензија 11.106 денари.

# 5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во август 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквата реакција се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во август 2017 година; Извор: НБРМ




Во август 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 10,7% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 11,6% и 9,8%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,4%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 5,0%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,8%.

## Депозитен потенцијал

Вкупните депозити на банките во август 2017 година, регистрираа раст од 1,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата се зголемија за 2,5% и 0,6%, соодветно.

Од аспект на валутата, во август 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,6%, а депозитите во странска валута за 1,0%.

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2017 година оствари раст од 6,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута  се зголемија за 7,6% и 4,1%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 4,4%, како и депозитите на домаќинствата кои се зголемија за 5,7%.

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 2,7%, а долгорочните депозити регистрираа за 6,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **322.503** | **1,4%** | **6,1%** |
| Денари | *189.490* | 1,6% | 7,6% |
| Странска валута | *133.014* | 1,0% | 4,1% |
| Краткорочни | *151.499* | 0,9% | 2,7% |
| Долгорочни | *88.285* | 1,2% | 6,5% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **287.904** | **0,2%** | **5,1%** |
| Денари | *238.960* | 0,2% | 7,8% |
| Странска валута | *48.944* | 0,2% | -6,1% |
| Краткорочни | *61.187* | -1,2% | 3,2% |
| Долгорочни | *206.209* | 0,6% | 7,2% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18.997* | 0,2% | -8,1% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во август 2017 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во август кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,2%, додека кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во август 2017 година, денарските и девизните кредити регистрираа раст од по 0,2% на месечно ниво.

На годишна основа, во август 2017 година вкупните кредити се зголемија за 5,1%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 10,0%, како и на кредитите кон претпријатијата се за 0,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,8%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 6,1%.




Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,2%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во август 2017 година остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 5,9%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити останаа непроменети во споредба со претходниот месец и изнесуваат 6,2% и 4,9%, соодветно.



Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, август 2017 година; Извор:НБРМ

Вкупната каматна стапка на депозитите во август изнесува 1,5% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и на девизните депозити исто така останаа непроменети во споредба со претходниот месец и изнесуваат 2,1% и 0,8%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во август 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 15,2% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 2,3 пати (225,9%), додека прометот од класичното тргување се намали за 28,6%.



Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза

Вкупниот промет на берзата во август 2017 година изнесуваше 462 милиона денари и истиот се зголеми за 1,5 пати (152,6%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на август 2017 година изнесуваше 2.647,85 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 5,9%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 34,8%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2017 година изнесуваа 2.275,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголеми за 2,1 милион евра, додека во однос на август 2016 година се намалени за 401,2 милиона евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693